УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW

ТРИНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА

НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

THIRTEENTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

-ПРАВО, ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВО-

PROCEEDINGS

-LAW, POLITICS AND SOCIETY-

ШТИП, 2026

SHTIP, 2026

Thirteenth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2026 Copyright Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, N. Macedonia:
Address: Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, N. Macedonia,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Stip, N. Macedonia
www.ugd.edu.mk
Издавач: Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Правен факултет
Publisher: Goce Delcev University, Stip, Faculty of Law
Уредници: Билјана Тодорова, Страшко Стојановски, Јорданка Галева, Ѓорги Сламков, Наташа Мирославева, Ана Панева, Кристијан Панев, Елена Трајковска
Editors: Biljana Todorova, Strashko Stojanovski, Jordanka Galeva, Gjorgi Slamkov, Natasha Miroslaveva, Ana Paneva, Kristijan Panev, Elena Trajkovska
Технички уредник: Страшко Стојановски
Technical Editor: Strasko Stojanovski
Лектор: Валентина Бочваровска
Печати/Print: 2ри Август, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062.552)
34(100)(062.552)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет
(13 ; Штип ; 2026)
Општествените промени во глобалниот свет [Електронски извори] :
зборник на трудови : право, политика и општество / Тринаесетта меѓународна научна конференција ; [уредници Билјана Тодорова ... и др.] = Social changes in the global world : proceedings : law, politics and society / Thirteenth international scientific conference ; [editors Biljana Todorova ... [и др.]]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет = Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2026

Начин на пристапување (URL):
https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/about. - Трудови на мак. и англ.
јазик. - Фусноти кон текстот. - Текст во PDF формат, содржи XVIII, 738 стр., табели, граф. прикази. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.09.2026. - Други уредници: Страшко Стојановски, Јорданка Галева, Ѓорги Сламков, Наташа Мирославева, Ана Панева, Кристијан Панев, Елена Трајковска. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-277-170-0

а) Општествени промени -- Право -- Свет -- Собири б) Општествени промени -- Политика -- Свет -- Собири

COBISS.MK-ID 69745669

•All manuscripts were subject of double-blind peer review process.
•No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference
•The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/about

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

Република С. Македонија



ТРИНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

-ПРАВО, ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВО-

Штип, 2026

GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW

Republic of North Macedonia



THIRTEENTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

-LAW, POLITICS AND SOCIETY-

Shtip, 2026

Организациски комитет / Organizational Committee

Проф. д-р Билјана Тодорова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, biljana.todorova@ugd.edu.mk

Проф. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Вон. проф. д-р Јорданка Галева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Вон. проф. д-р Ѓорги Сламков, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, gorgi.slamkov@ugd.edu.mk

Доц. д-р Наташа Мирославева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, natasa.doneva@ugd.edu.mk

Ас. м-р Ана Панева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

Ас. м-р Кристијан Панев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, kristijan.panev@ugd.edu.mk

Ас. м-р Елена Трајковска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, elena.trajkovska@ugd.edu.mk

Програмски комитет / Program Committee

Agim Nuhiu, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole, Schiller International University, Heidelberg, Germany, alenka.verbole@faculty.schiller.edu

Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, angelristov@yahoo.com

Aynura Rashidova, Faculty of Humanities and Social Sciences, Azerbaijan University, Azerbaijan, aynur.rashidova@bk.ru

Biljana Todorova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, biljana.todorova@ugd.edu.mk

Davor Trlin, Faculty of Economic and Social Studies, International University Burch Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, davor.trlin@ibu.edu.ba

Elena Maksimova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, elena.maksimova@ugd.edu.mk

Gemma Andreone, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Giuseppe Cataldi, Department of Human and Social Sciences, University of Napoli L 'Orientale, gcataldi@unior.it

Ice Ilijevski, Faculty of Law, University St. Kliment Ohridski – Bitola, ilijevski@fb.uklo.edu.mk

Ivan Ilic, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, ivan@prafak.ni.ac.rs

Ivana Bajakić, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

Jordanaka Galeva, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Jovanka Jakubek-Lalik, Faculty of Law and Administration, University of Warsaw, Poland, j.jakubek@uw.edu.mk

Marcin Burzec, Faculty of Law, Canon Law and Administration, The John Paul II Catholic University of Lublin, Poland, marcin.burzec@kul.pl

Milica Sutova, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natalia Vladimirovna Butusova, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

Nerma Colakovik Prguda, Univerzitet Dzemal Bijedic, Mostar, Bosna and Herzegovina, nerma@unmo.ba

Nikolai Baranov, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

Nora Jakab, Faculty of Law, University of Miskolc, Hungary; and Associate Professor at Caucasus International University of Tbilisi, Georgia, nora.jakub@uni-miskolc.hu

Pavol Struhar, Department of Political Science, Alexander Dubcek University of Trencin, Slovakia, pavol.struhar@tnuni.sk

Slavejko Sasajkovski, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

Solymosi-Szekers Bernadett, Faculty of Law, University of Miskolc, Hungary, bernadett.solymosi-szekeres@uni-miskolc.hu

Suzana Dzamtoska Zdravkovska, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

Tamara Djurdjic Milosevic, Faculty of Law, University of Kragujevac, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs

Tatyana Dronzina, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, drozina@gmail.com

Teresa Russo, University of Salerno, Italy, trusso@unisa.it

Tunjica Petrašević, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

Veronika Stoilova, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, vstoilova@swu.bg

Vladimir Savkovic, Faculty of Law, University of Montenegro, Montenegro, vladimirs@ucg.ac.me

Uroš Novaković, Faculty of Law, University of Belgrade, Serbia, uros.novakovic@ius.bg.ac.rs

TABLE OF CONTENTS

LAW 17

Esra Özgün TEKIN
PROTECTING HUMAN RIGHTS IN THE DIGITAL AGE IN LIGHT OF THE EUROPEAN UNION'S ARTIFICIAL INTELLIGENCE ACT: A HUMAN-RIGHTS-BASED ANALYSIS OF THE RISK-BASED REGULATORY MODEL 19

Franc POZDEREC
USE OF ELECTRIC STUN GUNS AS A MEANS OF RESTRAINT AGAINST PERSONS IN THE CENTER FOR FOREIGNERS 35

Gjorgi SLAMKOV
THE CRIMINAL LAW FRAMEWORK AND JUDICIAL SENTENCING OF ROBBERY AND ARMED ROBBERY 45

Goran OBRADOVIĆ
THE NECESSITY OF RAISING THE RETIREMENT AGE FOR OLD-AGE PENSION ELIGIBILITY- The Example of the Republic of Serbia – 67

Ивица ЈОСИФОВИЌ, Игор КАМБОВСКИ
АНАЛИЗА НА МИСЛЕЊЕТО 2/13 НА СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НАЦРТ-СПОГОДБАТА ОД МАРТ 2023 ГОДИНА ВО ОДНОС НА ПРИСТАПУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 79

Jovan CONIĆ, Nina KOSANOVIĆ, Natalija TODOROVIĆ
THE INFLUENCE OF CHRISTIANITY ON THE DEVELOPMENT OF ROMAN, BYZANTINE, AND MEDIEVAL SERBIAN LAW 99

Novak KRSTIĆ, Isidora ILIĆ
SOME CONTENTIOUS ISSUES IN THE ANNULMENT OF THE LIFETIME MAINTENANCE AGREEMENT – THROUGH SELECTED CASE LAW EXAMPLES 123

Krzysztof RADZIKOWSKI
VAT FRAUD IN POLAND: LEGAL AND FINANCIAL IMPLICATIONS 141

Marija DRAGIĆEVIĆ ĐORĐEVIĆ
SOCIO-LEGAL TRANSFORMATION OF LONG-TERM CARE: BETWEEN INSTITUTIONAL CARE, COMMUNITY-BASED SERVICES AND THE PROTECTION OF USERS RIGHTS 165

Ivanka OBERMAN, Tomaž ČAS, Franc POZDEREC
POLICE ACCOUNTABILITY AND SUPERVISION IN THE REPUBLIC OF SLOVENIA 193

Desimira YURUKOVA
POSSESSION – IT IS POSSIBLE TO INHERIT AS FACTUAL RELATIONSHIP? 207

Rafał CIEŚLAK
EVOLUTION AND LEGAL STATUS OF THE ENERGY EFFICIENCY FIRST PRINCIPLE IN EUROPEAN UNION LAW 219

Saša KNEŽEVIĆ
THE INJURED PARTY AS AN INITIATOR OF CRIMINAL PROSECUTION 235

Șerban-Alexandru STĂNESCU
CONFLICTS OF JURISDICTION IN THE EUROPEAN JUDICIAL AREA: WHERE BRUSSELS I BIS ENDS AND THE INSOLVENCY REGULATION BEGINS 251

Tomasz KAMINSKI
COUNTRERMEASURES AS MEANS OF ADDRESSING THE INTERNATIONAL DAMAGE OF SUBMARINE CRITICAL INFRASTRUCTURE WITHIN THE EEZ 265

Valdis BLŪZMA
"FORMULA REGIMINIS" (1617) – THE FIRST WRITTEN CONSTITUTION IN THE TERRITORY OF LATVIA: THE FORMATION OF CONSTITUTIONAL LAW IN THE DUCHY OF COURLAND AND SEMIGALLIA (1561 – 1795) 279

Билјана ТОДОРОВА
АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АРХУСКАТА КОНВЕНЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРАВНИОТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КОНТЕКСТ НА ЕКОЛОШКАТА ДЕМОКРАТИЈА 299

Лазар ЈОВЕВСКИ, Софија ВОЛЧЕВСКА
ПОМЕЃУ ТРУДОВИТЕ СУДИРИ И СОЦИЈАЛНИОТ МИР: СИСТЕМОТ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ ВО МАКЕДОНСКОТО ТРУДОВО ЗАКОНОДАВСТВО 313

Оливера НЕЧОВСКА, Стефани МЛАДЕНОВСКА СТОЈАНОВСКА
ЗНАЧЕЊЕТО НА НОМОТЕХНИКАТА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО..... 329

Zaneta POPOSKA
INTERSECTIONALITY AND GENDER: THE CASE OF NORTH MACEDONIA 353

Vanda BOZIC
LEGAL QUALIFICATION OF HOMICIDE IN THE REPUBLIC OF SERBIA: NORMATIVE FRAMEWORK AND ISSUES OF DISTINCTION IN CASE LAW 387

Helga ŠPADINA
INFORMED CONSENT IN BIOMETRIC MIGRATION MANAGEMENT..... 405

Selen EVIRGEN
THE DIGITAL TRANSFORMATION OF CRIMINAL JUSTICE:
RE-EVALUATING THE PRINCIPLE OF IMMEDIACY AND DEFENSE RIGHTS IN THE ERA OF REMOTE PROCEEDINGS 419

POLITICS AND SOCIETY 439

Monika ŻAK, Adam SOJKA
ESG COMMUNICATION STRATEGIES IN THE ENERGY SECTOR: ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF ENGAGING INFLUENCERS AND SOCIAL ACTORS. A SOCIOLOGY OF DEVELOPMENT PERSPECTIVE..... 441

Aynura RASHIDOVA
EXPLORING ENTREPRENEURIAL MOTIVATION AND SUCESS PECEPTIONS AMONG WOMEN ENTREPRENEURS IN AZERBAIJAN (QUALITATIVE CASE STUDY)..... 461

Agim NUHIU, Ferat POLISI
FREEDOM OF EXPRESSION IN THE DIGITAL AGE:
PLATFORM GOVERNANCE AND THE FACEBOOK–USER RELATIONSHIP..... 469

Јован АНАНИЕВ, Јадранка ДЕНКОВА, Страшко СТОЈАНОВСКИ
ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА НЕПОСРЕДНАТА ДЕМОКРАТИЈА ВО НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ ПРЕКУ ПРИМЕНА НА ПРИНЦИПИТЕ НА ЕВРОПСКАТА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА ON..... 479

Emil DIMITRIEV
POLITICAL PARTIES – AN INSTITUTIONAL MECHANISM FOR AGGREGATING AND ARTICULATING THE INTERESTS OF CITIZENS IN MACEDONIA..... 497

Искра КОРОВЕШОВСКА
АЛГОРИТМИТЕ ВО ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИУМИ КАКО ФАКТОР ВО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА НОВИНАРСКИТЕ ПРАКТИКИ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА..... 523

Jordanka GALEVA
MEDIA FRAMING OF THE 2026 UNITED STATES-IRAN CEASEFIRE IN IRNA, BBC AND CNN REPORTS..... 541

Christina KOBELEVA ALEKSEEVNA
THE CHINESE MODEL OF POLITICAL MODERNIZATION:
FEATURES AND PROSPECTS..... 561

Małgorzata SUCHACKA
BETWEEN ENTHUSIASM AND SCEPTICISM: A MATRIX APPROACH TO ATTITUDES TOWARDS ARTIFICIAL INTELLIGENCE..... 581

Natalija ORLIĆ
FUNCTIONALITY OF INTERLINGUAL MEDIATION
IN INTERNATIONAL PROTECTION AND MIGRATION PROCEDURES... 599

Albana METAJ-STOJANOVA
THE DYNAMICS OF DOMESTIC VIOLENCE: A MULTI-FACTORIAL ANALYSIS OF THEORETICAL MODELS AND THE SOCIO-CULTURAL CONTEXT OF NORTH MACEDONIA 627

Јорданка ГАЛЕВА, Викторија СТОЈКОВА
АРКТИЧКИТЕ ПОМОРСКИ РУТИ КАКО ФАКТОР НА ГЕОПОЛИТИЧКО И ГЕОЕКОНОМСКО ПРЕОБЛИКУВАЊЕ 645

Лидија КОВАЧЕВА
ЕГЗОРЦИЗАМ: ОД ВОСПРИЕМАЊЕТО ВО АНТИКАТА ДО ПОП-КУЛТУРАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ МЕДИУМ 663

Никола АМБАРКОВ
ИДЕЈАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА ВО МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ: ТЕМИ ЗА РАЗМИСЛА И ДИЛЕМИ ЗА РЕШАВАЊЕ 681

Стојанче МАСЕВСКИ
ЕКОНОМСКО ВОЈУВАЊЕ И НЕГОВИТЕ АЛАТКИ 705

Zorančo VASILKOV
STUCK IN THE EUROPEAN UNION ACCESSION PROCESS: VIEWS FROM NORTH MACEDONIA AND SERBIA 721

L A W

УДК: [004.021:077.5]:070.11(497.7)

АЛГОРИТМИТЕ ВО ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИУМИ КАКО ФАКТОР ВО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА НОВИНАРСКИТЕ ПРАКТИКИ ВО РЕПУБЛИКА С МАКЕДОНИЈА

Искра КОРОВЕШОВСКА,
насловен вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
e-mail: iskra.korovesovska@ugd.edu.mk

Апстракт
Овој труд ја анализира улогата на т.н. алгоритми во дигиталните медиуми како клучен фактор во трансформацијата на новинарските практики во Република С Македонија. Во контекст на дигитализацијата и доминацијата на платформите на социјалните мрежи, традиционалните уреднички механизми сè повеќе се заменуваат или надополнуваат со алгоритамски системи за селекција, рангирање и дистрибуција на содржини. Овој научен труд се фокусира на истражување на промените во производството на вести, при што медиумите ги приспособуваат своите стратегии кон логиката на видливост, ангажман и оптимизација за дигитални платформи. Преку теоретска анализа и преглед на релевантна литература, трудот ги разгледува концептите на алгоритамска стратегија, економија на социјалните платформи и дигитална медијација. Дополнително се анализираат импликациите врз новинарската автономија, професионалните стандарди и етичките принципи, особено во услови кога алгоритмите индиректно влијаат врз одлуките што ги носат уредниците. Ефектите се претставени преку прашалник за истражување на мислењето на новинарите вработени или ангажирани во македонските традиционални и онлајн медиуми. Посебен акцент се става на ризикот од сензационализам, хомогенизација на содржините и приоретизирање на квантитетот наспроти квалитетот. Заклучоците укажуваат дека алгоритамската медијација не претставува само технолошка промена, туку и суштинска реорганизација на новинарскиот процес. Во македонскиот медиумски контекст, ова отвора прашања за одржливоста на професионалното новинарство, потребата од адаптација на етичките рамки и кодексот на новинарите. Трудот придонесува кон разбирање на современите медиумски динамики и нуди база за натамошни емпириски истражувања.
Клучни зборови: *алгоритми, дигитални медиуми, трансформација, новинарство*

ALGORITHMS IN DIGITAL MEDIA AS A FACTOR IN THE TRANSFORMATION OF JOURNALISTIC PRACTICES IN THE REPUBLIC OF N. MACEDONIA

Iskra KOROVESHOVSKA
Associate Professor, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip N. Macedonia
email: iskra.korovesovska@ugd.edu.mk

Abstract
This paper analyzes the role of the so-called algorithms in digital media as a key factor in the transformation of journalistic practices in the Republic of N. Macedonia. In the context of digitalization and the dominance of social media platforms, traditional editorial mechanisms are increasingly being replaced or supplemented by algorithmic systems for the selection, ranking, and distribution of content. This scientific paper focuses on examining the changes in news production, whereby media outlets adapt their strategies to the logic of visibility, engagement, and optimization for digital platforms. Through theoretical analysis and a review of relevant literature, the paper examines the concepts of algorithmic strategy, the economy of social platforms, and digital mediation. Additionally, the implications for journalistic autonomy, professional standards, and ethical principles are analyzed, especially in conditions where algorithms indirectly influence the decisions made by editors. The effects are presented through a questionnaire for examining the opinions of journalists employed or engaged in Macedonian traditional and online media. Particular emphasis is placed on the risk of sensationalism, homogenization of content, and the prioritization of quantity over quality. The conclusions indicate that algorithmic mediation does not represent merely a technological change, but also an essential reorganization of the journalistic process. In the Macedonian media context, this raises questions regarding the sustainability of professional journalism, the need for adaptation of ethical frameworks, and the code of journalists. The paper contributes to the understanding of contemporary media dynamics and provides a basis for further empirical research.
Keywords: *algorithms, digital media, transformation, journalism*

1. Вовед

Слободата на изразување, правото на информирање и слободниот пристап до информации, претставуваат темелни принципи врз кои се заснова современото новинарство и демократското функционирање на општеството. Традиционално, улогата на новинарите се поврзува со собирање, проверка, обработка и дистрибуција на информации од јавен интерес, при што професионалните стандарди како точност, објективност, независност и одговорност се сметаат за клучни вредности на новинарската професија (McQuail, 2010). Меѓутоа, развојот на дигиталните технологии и експанзијата на онлајн-платформите значително го променија медиумскиот екосистем и начинот на кој се создаваат, дистрибуираат и консумираат медиумските содржини.

Во последните две децении дигиталните медиуми станаа доминантен канал за информирање на јавноста. Социјалните мрежи, пребарувачите и платформите за споделување содржини сè повеќе ја преземаат улогата на посредници помеѓу медиумите и публиката. Во таква средина, алгоритмите претставуваат клучен механизам преку кој се одредува видливоста на информациите, нивниот досег и начинот на кој корисниците ги примаат медиумските содржини (Napoli, 2014). Наместо традиционалниот уреднички избор, сè почесто алгоритамските системи влијаат врз тоа кои вести ќе бидат прикажани, препорачани или промовирани пред публиката.

А што всушност се алгоритмите? Алгоритмите се збир на правила и процедури кои автоматски селектираат, рангираат и персонализираат содржини врз основа на различни параметри, како што се: корисничките навики, интеракции и потреби. Иако овие технологии овозможуваат побрза дистрибуција на информации и поголем досег на медиумските содржини, истовремено отвораат низа прашања поврзани со професионалните стандарди во новинарството, медиумскиот плурализам и квалитетот на јавната комуникација (Diakopoulos, 2019). Во обид да привлечат поголема публика, медиумите сè почесто ги приспособуваат своите содржини на алгоритамските критериуми на платформите, што може да влијае врз изборот на теми, формулацијата на насловите и уредувачките политики.

Во контекст на С Македонија, дигитализацијата на медиумскиот простор создаде нови можности за развој на онлајн новинарството, но истовремено и нови предизвици. Растечката зависност од социјалните мрежи и платформите за дистрибуција на вести ја засили конкуренцијата за внимание на публиката, што доведе до зголемен фокус на мерливите показатели како број на кликови, прегледи и интеракции. Ваквите практики можат да придонесат за појава на сензационализам, кликбејт-наслови и намалување на просторот за аналитичко и истражувачко новинарство (Carlson, 2018).

Кликбејт-наслови се сензационалистички наслови што го охрабруваат читателот да кликне на линк до статија, фотографија или видео. Наместо во таа статија да се презентирани објективни факти, насловите на кликбејт-содржините честопати се насочени кон емоциите и љубопитноста на читателот. Ваквите содржини се од сомнителен квалитет и со сомнителна точност. Некои сајтови на интернет ги користат кликбејт-насловите за да привлечат што е можно поголем број кликови на нивниот сајт, зголемувајќи го на ваков начин својот профит од реклами. Овој начин на привлекување на кликови вообичаено е безопасен, со исклучок на тоа што е иритирачки, но кликбејт-новинарството може да стане опасно кога е комбинирано со лажни вести. Она што им дозволува на кликбејт-содржините да живеат на интернет, е тоа што 6 од 10 луѓе (The Washington Post, 2016) споделуваат наслови без да го прочитаат текстот. Дополнително, развојот на алгоритамските системи и вештачката интелигенција отвора потреба од преиспитување на постојните професионални и етички стандарди. Прашањата за транспарентноста на алгоритмите, одговорноста при автоматизирано препорачување содржини и влијанието на платформите врз јавниот дискурс стануваат сè позначајни за медиумската заедница. Во таа насока се поставува прашањето дали постојните новинарски кодекси и професионални стандарди се доволни за да одговорат на предизвиците што ги носи дигиталната ера.

2. Слободата на изразување во Република С. Македонија, цензура и автоцензура во време на алгоритамско влијание

Слободата на мислењето, слободата на примањето и слободата на пренесувањето информации се основните компоненти што особено се однесуваат на новинарските права и слободи и врз кои се организира целокупната работа на медиумските работници. Во извршување на истата потребно е размислување, барање на информации, избор на информации за прашања од јавен интерес, користење на правото на извори и на анонимни извори, право да се објави и да се коментира во текстовите за прашања од јавен интерес, употреба на право на заштита на материјалите со кои располага, но пред сè внимателност во однос на сопствената безбедност и живот - ако се знае дека новинарството е трета по ред најризична професија во светот. Затоа дилемата и во македонското општество, како и на светско ниво, е како таа да не биде загрозена во време кога алгоритмите влијаат врз професионалното новинарство, а истовремено да не го уништат. Слободата на изразување во Република С Македонија е уставно загарантирано право и законски регулирано од повеќе закони, меѓу кои: Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Уставниот член 16 одредува дека: *се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се*

гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета. Овие одредби се согласни со членот 10 на Европската конвенција за заштита на човековите права, каде што во член 1 стои „*секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Слободата на изразување на својата вера или убедувања може да биде предмет на оние ограничувања што се предвидени со закон или претставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите, кои се неопходни во едно општество*". Во член 10, пак, што е насловен Слобода на изразување, се одредува: „*секој човек има право на слобода на изразување, на мислење, на примање и пренесување на информации и идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите*„. Со цел да се одговори на модерното и динамично комуницирање одредбите од Конвенцијата не ги ограничува државите да воведат свој правен ред и режим што се однесува до давањето дозволи за работа на електронските медиуми, но ги одредува околностите под кои државата може да се меша, и тоа легитимно, во остварувањето на слободата на изразување. Покрај во Конвенција, акти кои содржат одредби за слободата на изразување е Универзалната декларација за човекови права, во чиј член 19 се одредува:„*секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите"*. Од друга страна, пак, новите медиуми (социјалните мрежи) не се дел од законските рамки што нудат заштита но, пред сè, одговорност за дезинформациите, говорот на омраза, лажните вести, итн. што се шират токму преку нив. Во Република С Македонија ова прашање има особено значење, имајќи предвид дека дигиталните медиуми бележат интензивен развој во последната деценија. Денес, стотици интернет-портали се натпреваруваат за вниманието на публиката, за поголема читаност, досег и влијание врз јавниот дискурс. Иако ваквиот медиумски плурализам придонесе за зголемена слобода на изразување и поширок пристап до информации, истовремено создаде простор за ширење на сензационализам, дезинформации, говор на омраза и политички мотивирани содржини (Wardle & Derakhshan, 2017). Овие појави се интензивираат за време на предизборните периоди, политички кризи и значајни општествени дебати, кога неточните или манипулативните информации се шират со енормна брзина преку социјалните мрежи и дигиталните платформи. Алгоритмите што управуваат со видливоста на

содржините често фаворизираат емоционални, конфликтни и пораки што предизвикуваат поделеност, бидејќи тие носат гледаност и читаност. Во такви услови, професионалното новинарство сè потешко успева да се натпреварува со динамиката и брзината на дигиталната комуникација (Diakopoulos, 2019). Како последица на овие процеси, довербата на јавноста во медиумите континуирано се намалува, пред сè на светско ниво, а македонските медиуми секако не се исклучок.

Во ваков контекст, механизмите на саморегулација добиваат особено значење, бидејќи нивната основна цел е зачувување на професионалните стандарди и зајакнување на довербата помеѓу медиумите и граѓаните. Во нашата земја веќе постојат одредени форми на саморегулација. *Советот за етика во медиумите во Македонија* претставува еден од најзначајните механизми за промовирање на професионалното и етичкото новинарство, преку реагирање на прекршувањата на новинарските стандарди и едукација на медиумските работници. Сепак, саморегулацијата има и свои ограничувања. Бидејќи учеството во ваквите механизми е доброволно, голем број интернет-портали остануваат надвор од нивниот опфат. Токму медиумите кои најчесто се поврзуваат со сензационализам, дезинформации или непрофесионално известување неретко функционираат без каква било форма на етичка или институционална одговорност. Поради тоа, во последните години се отвори јавна дебата за воспоставување регистар на онлајн медиуми во С Македонија. Од моментот на регистрирање на платформата, членки станаа околу 123 онлајн-медиуми (promedia, 2019), во кои покрај типичните интернет портали, влегуваат и веб-страниците на професионалните, односно на традиционалните медиуми. Но апелот за регистрирање сè уште стои отворен, бидејќи околу стотина онлајн-медиуми не ги исполнуваат критериумите, а остануваат да бидат нелојална конкуренција. Овие стотина, неретко се појавуваат во предизборните циклуси, практично се човек-медиум, и имаат за цел да ливеруваат информации што потоа ги споделуваат преку социјалните мрежи со цел креирање на јавно мислење или влијание. Поддржувачите на ова решение сметаат дека регистарот би можел да помогне во јасното разграничување помеѓу професионалните медиумски организации и анонимните или политички мотивирани интернет-страници. Според нив, медиумите би требало да исполнуваат минимални критериуми, како што се транспарентна сопственичка структура, јавно достапни уреднички податоци и прифаќање на професионалните и етичките стандарди, со цел да бидат препознаени како релевантни и професионални медиумски субјекти. Исто така, се смета дека ваквиот регистар би можел да придонесе за поголема доверба кај граѓаните и полесно препознавање на кредибилните извори на информации.

Од друга страна, критичарите предупредуваат дека ваквите механизми можат да станат политички чувствителни. Во општества со кревки демократски институции, како што е Република С Македонија, секогаш постои ризик

регистрацијата на медиумите да биде злоупотребена како инструмент за политички притисок или индиректна контрола врз критички настроените медиуми. Токму поради тоа, дебатата околу регистарот на онлајн медиуми останува комплексно прашање. На македонските медиуми им е неопходна стратегија за развој и заштита на јавните и национални интереси, но и нов закон со кој ќе се регулира оваа т.н. вакуум сфера во која недостига професионализам и етичко новинарство кај новите медиуми. Според одредени европски експерти, ваквите реформи се неопходни и одамна задоцнети. Тие сметаат дека секоја држава мора да развие поефикасни механизми за справување со организирани кампањи на дезинформирање, говор на омраза и манипулативни дигитални практики, особено имајќи предвид дека овие појави сè повеќе влијаат врз демократските процеси и јавното мислење (Bennett & Livingston, 2018). Истовремено, голем број новинари и организации од граѓанскиот сектор предупредуваат дека прекумерната регулација може да претставува закана за медиумските слободи. Меѓународните искуства покажуваат дека борбата против дезинформациите понекогаш се користи како оправдување за зголемување на политичкото влијание врз медиумите. Оттука произлегува едно од клучните прашања на современите демократии: како да се регулираат штетните содржини без притоа да се создадат услови за цензура и ограничување на слободата на изразување? Денес глобалните технолошки компании како Facebook, YouTube, TikTok и X имаат огромно влијание врз јавното мислење. Нивните алгоритми значително влијаат врз видливоста на информациите и обликувањето на политичките дебати. Сепак, овие компании не функционираат како традиционални медиуми, а механизмите за нивна отчетност и натаму се ограничени (Napoli, 2019). Оттука, може слободно да се заклучи дека класичната саморегулација повеќе не е доволна. Како алтернатива се предлагаат модели на корегулација, кои комбинираат професионална саморегулација, законски гаранции и независен надзор. Европската Унија во последните години настојува да воспостави ваков пристап преку регулативи како што е Законот за дигитални услуги (Digital Services Act, 2022), со цел истовремено да се обезбеди поголема одговорност на платформите и заштита на основните демократски права. За С Македонија, компаративните европски искуства претставуваат значаен извор на знаење при креирањето на идните политики во медиумската сфера. Додека некои држави инсистираат на високо ниво на професионална етика и доверба во медиумите, други применуваат построги законски механизми за регулирање на штетните онлајн содржини. Скандинавските земји традиционално се потпираат на високи новинарски стандарди и висока јавна доверба, додека Германија и Франција воспоставија пообемни законски обврски за дигиталните платформи. Од друга страна, искуствата на дел од земјите од Централна и Источна Европа покажуваат дека медиумската регулација може да биде политизирана доколку демократските институции не се доволно силни.

Овие примери потврдуваат дека не постои универзално решение за управување со дигиталниот медиумски простор. Ефикасноста на секој модел зависи не само од законската рамка, туку и од независноста на домашните институции, демократската култура, медиумската писменост и нивото на јавна доверба.

3. Истражување на новинарското мислење: влијанието на алгоритмите во дигиталните медиуми врз трансформирањето на новинарските практики во С Македонија

Предмет на ова истражување е како размислуваат и чувствуваат во работењето македонските новинари за тоа колкаво е влијанието на алгоритмите во дигиталните медиуми врз трансформацијата на новинарските практики. Всушност, целта е да се утврди како новинарите го перципираат влијанието на алгоритмите врз нивната професионална работа, врз квалитетот на новинарските содржини и врз почитувањето на етичките стандарди. Посебно внимание се посветува на прашањето дали постои потреба од адаптација на новинарскиот кодекс и професионалните правила во насока на регулирање на алгоритамските и дигиталните медиумски практики. Истражувањето (Коровешовска, 2026) беше спроведено на примерок од 52 новинари од сите видови медиуми во земјава: национални, регионални, локални, медиуми на македонски и на албански јазик, традиционални и онлајн медиуми. Прашалникот беше испратен по електронски пат кај околу 80 новинари, а повратен одговор дадоа 52. Анализата на демографските податоци покажува дека мнозинството испитаници се жени, 68,6 %, додека 31,4 % се мажи. Во однос на возраста, најголем дел од испитаниците припаѓаат на возрасните групи од 36 до 45 години (33,3 %) и од 46 до 55 години (33,3 %), што укажува дека истражувањето опфатило новинари со значително професионално искуство. Ова дополнително се потврдува преку податоците за работното искуство, односно дури 52,9 % од испитаниците имаат повеќе од 20 години работен стаж во новинарството, додека 39,2 % работат меѓу 11 и 20 години. Само 7,8 % од испитаниците се изјасниле дека имаат помалку од 10 години искуство. Ваквата структура на примерокот претставува релевантна проценка на промените што ги предизвикуваат алгоритмите во новинарската професија.

На прашањето дали алгоритмите на дигиталните платформи значително влијаат врз изборот на темите што ги обработуваат (графикон 1), најголем број од испитаниците (42,3 %) зазеле неутрален став, 25 % и 19,2 % изразиле несогласување или целосно несогласување. Само 13,5 % (7,7 % + 5,8 %) се согласуваат дека алгоритмите имаат значително влијание врз изборот на темите. Овие проценти покажуваат дека новинарите сè уште ја перципираат сопствената професионална автономија како релативно независна од алгоритамските механизми.




Графикон 1

Во однос на влијанието на потребата за поголема видливост и досег на содржините врз новинарските одлуки, 32,7 % од испитаниците се согласуваат (23,1 %) или целосно се согласуваат (9,6 %) со ова тврдење, додека поголем процент, 34,6, изразува несогласување (23,1 %) и целосно несогласување (11,5 %). Исто така, 32,7% имаат неутрален став, што укажува на поделени мислења околу влијанието на поголемата видливост и досег врз професионалното одлучување.




Графикон 2

Многу поизразени ставови се забележуваат кај прашањето за сензационализмот (графикон 3). Дури 84,6 % од испитаниците се согласуваат (36,5 %) или целосно се согласуваат (48,1 %) дека алгоритмите придонесуваат за зголемување на сензационализмот во медиумските содржини. Само 9,6 % се неутрални, што укажува на висок степен на консензус меѓу новинарите дека алгоритмите поттикнуваат содржини насочени кон привлекување внимание.



Графикон 3

Слични резултати се добиени и кај прашањето за влијанието на алгоритмите врз формулацијата на насловите (графикон 4). Вкупно 73,1 % од испитаниците се согласуваат (23,1 %) или целосно се согласуваат (50 %) дека алгоритмите директно влијаат врз начинот на кој се креираат новинарските наслови. Ова може да се поврзе со растечката потреба содржините да бидат оптимизирани, односно тенденциозно приспособувани за алгоритмите на социјалните мрежи и пребарувачите.




Графикон 4

Особено значајни се резултатите поврзани со влијанието на бројот на кликови врз квалитетот на новинарската работа (графикон 5). Дури 82,7 % од испитаниците сметаат дека притисокот за добивање поголем број кликови има негативно влијание врз квалитетот на новинарските содржини. Овој резултат укажува дека економската логика на дигиталните медиуми сè повеќе влијае врз професионалните стандарди.



Графикон 5

Кога станува пак збор за уредничката автономија, ставовите се без малку поделени (графикон 6). Вкупно 42,3 % од испитаниците сметаат дека алгоритмите ја ограничуваат уредничката автономија, додека 32,7 % не се согласуваат со ова тврдење. Преостанатите 25 % имаат неутрален став. Овој резултат покажува дека влијанието на алгоритмите врз уредувачките политики сè уште не е едностранo перципирано од новинарската заедница.



Графикон 6

Меѓу највисоките степени на согласност е забележан кај следното, прашањето за ширењето на дезинформации (графикон 7). Дури 82,7 % од новинарите се согласуваат дека алгоритмите придонесуваат за побрзо ширење на дезинформации и непроверени информации, што претставува еден од најзначајните наоди на истражувањето. Неутрални се 9,6 %, а само еден одговорил дека не се сложува.




Графикон 7

Но, интересно е што истовремено, новинарите не ги перципираат алгоритмите исклучиво негативно (графикон 8). На прашањето дали алгоритмите можат да имаат позитивна улога во подобрување на досегот до квалитетни новинарски содржини, 46,1 % од испитаниците изразиле согласност, додека 40,4 % останале неутрални. Овој резултат укажува на свесност кај фелата дека алгоритмите ги перципираат и како употребна вредност ако се користат во согласност со професионалните стандарди.



Графикон 8

Во однос на влијанието врз професионалните стандарди, 36,5 % од испитаниците сметаат дека алгоритамските препораки имаат значително влијание, додека 32,7% остануваат неутрални (графикон 9). Резултатите покажуваат дека новинарите препознаваат одредено влијание, но не постои целосен консензус околу неговиот обем.



Графикон 9

Особено значаен е податокот дека ниту еден испитаник не смета дека алгоритмите не му нанесуваат штета на професионалното новинарство (слика 1). Напротив, 48,1 % сметаат дека штетата е голема, а 17,3 % дека е многу голема. Дополнителни 34,6 % оценуваат дека влијанието е умерено. Овие резултати покажуваат дека меѓу новинарите постои широко распространета перцепција за негативното влијание на алгоритмите врз професионалните новинарски практики.



Слика 1

Еден од најзначајните резултати се однесува на потребата од ревизија на Кодексот на новинарите (слика 2). Дури 73,1 % од испитаниците сметаат дека Кодексот треба да биде дополнет или изменет со одредби кои се однесуваат на алгоритмите, дигиталните платформи и вештачката интелигенција. Само 9,6 % не се согласуваат со оваа потреба, додека 17,3 % не се сигурни.



Слика 2

Анализата на отворените одговори, пак, во врска со оние кои сметаат дека Кодексот на новинарите треба да се менува, покажува дека новинарите најчесто ја истакнуваат потребата од регулирање на употребата на вештачката интелигенција, задолжително означување на содржини создадени или модифицирани со помош на вештачката интелигенција, поголема транспарентност на дигиталните платформи, борба против дезинформациите и заштита на уредувачката независност од алгоритамските влијанија. Дел од испитаниците дополнително нагласуваат дека новинарите и уредниците треба да останат крајно одговорни за објавената содржина, без оглед на технолошките алатки кои се користат во процесот на создавање на медиумски производи. Некои се на ставот дека „*без оглед на влијанието на досегот за којшто придонесуваат алгоритмите, новинарската содржина секогаш мора да биде вистинита, макар и да има помала видливост кај публиката*“. Има и ставови кои се негативни во врска со односот на фелата кон Кодексот, па се вели дека тој „*и онака нема функција бидејќи никој не го почитува. Новинарството денес е под директива на уредниците, кои пак ги застапуваат своите политички ставови што се во директна корелација со изворите на финансирање на медиумот*“.

4. Заклучок

Резултатите од истражувањето покажуваат дека новинарите во Македонија во голема мера ги препознаваат алгоритмите како значаен фактор во трансформацијата на новинарските практики. Најизразени се перцепциите за нивното влијание врз сензационализмот, кликбејт-културата, ширењето дезинформации и квалитетот на новинарските содржини. Истовремено, испитаниците препознаваат и одредени позитивни аспекти на алгоритмите, особено во делот на зголемување на досегот на квалитетните содржини. Високото ниво на поддршка за измени во Кодексот на новинарите (ЗНМ, 2001) укажува на потребата професионалните стандарди да се приспособат на новите

предизвици што ги носат алгоритмите, дигиталните платформи и вештачката интелигенција. Кодексот е направен 2001 година, повеќе од 25 години подоцна, општествените, технолошките, економските и сите други услови во кои егзистираат медиумите се драстично изменети. Последиците врз новинарскиот интегритет со силниот замав на новите медиуми-социјалните мрежи се доволен притисок за да се ревидира Кодексот.

Со оглед на тоа што повеќе од 70 % од јавноста се информира преку интернет, повеќе од јасна е потребата онлајн медиумите да станат дел од медиумската регулатива. Со ова се очекува поголемо поттикнување на саморегулацијата во новинарството и зголемена конкурентност во медиумскиот простор. Дали тоа ќе биде механизам за заштита на традиционалните медиуми од нелојалната конкуренција, одговорот е да, во одредена мера. Тоа значи дека онлајн медиумите ќе подлежат на регулативата за регистрирање и ќе можат да функционираат рамо до рамо со традиционалните, а не како што досега функционираа како невладини организации, ослободени од дополнителни давачки и други обврски. Но, дали и натаму ќе продолжат да бидат своевидна закана за традиционалните медиуми, во смисла на атрактивноста на технолошкиот развој, исто така одговорот е да. Многу светски телевизии како CNN, BBC, и останати, масовно ја трансферираат содржината на социјалните мрежи, преку поткасти, онлајн емисии, па и изданија на нивните вести. Трансформацијата на телевизиите во онлајн изданија ќе биде реалност во следните десетина до 20 години. Тоа е процес што веќе се гледа кај печатот - тој веќе е сведен на минимум на светско ниво, а неговите изданија се видливи, во многу поголема мера само онлајн.

Од друга страна, покрај регулацијата, останува важен принципот на саморегулација. Како да се стимулира саморегулацијата? Односно како новинарството може да се избори против негативните ефекти на влијанието на мрежното општество? Пред сè, со соодветна едукација (Коровешовска, И., 2019, p.11). Воведувањето посебен теоретски и практичен предмет за проучување и анализа на ефектот од влијанието на мрежното општество врз комуницирањето и животот, воопшто во образовниот процес, е повеќе од потребен, оти секој млад човек, кој се определил дека својата иднина ќе ја посвети во сервисирање на граѓаните со информации, мора теоретски да е подготвен за предизвиците со кои се соочува и во иднина ќе се соочува со комуницирањето во мрежното општество. Во време кога дополнителна регулација, покрај постојната, се третира како цензура, таа е единствено можна со нејзино поставување на принципиелни основи, како што е примерот со Словенија. Таму во рамките на саморегулацијата постои информациски омбудсман (или правобранител) во медиумите, кој е независен и самостоен орган, што ги штити правата на публиката да биде соодветно информирана, но и ги поттикнува новинарите да го почитуваат етичкиот и професионалниот кодекс.

Кога станува збор за регулаторните тела, на РС Македонија и е потребно соодветно регулаторно тело, кое ќе ги оценува почитувањата на етичките кодекси - проширени и надградени со новите медиуми. На пример во Словенија постои т.н. интернет-страница за пријавување говор на омраза и злоупотреба на деца. Се вика „Сплетно око“ (spletno-oko.si), ја координира Центарот за посигурен интернет, организација во рамките на Универзитетот во Љубљана, во која, освен онлајн медиуми, членуваат и словенечкото Врховно јавно обвинителство, полицијата, но и други организации за заштита на детските права. Функционира на принципот на брзо регистрирање на говорот на омраза и исто такво експресно процесирање на случаите до полицијата и Обвинителството. Како последна, но не помалку важна позиција во овој заклучок заслужува потребата од креирање на посебна медиумската стратегија (Коровешовска, И. 2024) која, пред сè, би го дефинирала развојот на македонските медиуми во период од следни пет или десет години.

Библиографија:

Bennett, W. L., & Livingston, S. (2018). The disinformation order: Disruptive communication and the decline of democratic institutions. European Journal of Communication, *33*(2), 122–139.

Carlson, M. (2018). Journalistic authority: Legitimating news in the digital era. Columbia University Press.

Diakopoulos, N. (2019). Automating the news: How algorithms are rewriting the media. Harvard University Press.

European Commission. (2022). Digital Services Act. European Commission. Brussels, Belgium.

McQuail, D. (2010). McQuail's mass communication theory (6th ed.). Sage.

Napoli, P. M. (2014). Automated media: An institutional theory perspective on algorithmic media production and consumption. Communication Theory, *24*(3), 340–360.

Napoli, P. M. (2019). Social Media and the Public Interest: Media Regulation in the Disinformation Age. Columbia University Press.

Spletno-oko.si. Spletno oko. Retrieved may 2026, from www.spletno-oko.si: https://www.spletnooko.si/english

The Washington Post. (2016, june 16). 6 IN 10 OF YOU WILL SHARE THIS LINK WITHOUT READING IT, A NEW DEPRESSING STUDY SAYS. The Washington Post. Washington, USA.

Wardle, C., & Derakhshan, H. (2017). Information Disorder: Toward an Interdisciplinary Framework for Research and Policy Making. Council of Europe.

ЗНМ. (2001). Кодекс на новинарите на Македонија.Скопје: Здружение на новинарите. Retrieved june 2026, from www.znm.org.mk: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Европската Конвенција за заштита на човековите права. (1953, September 3). Retrieved may 2026 from www.coe.int: https://www.coe.int/en/ web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/005

Коровешовска, И. (2019). Влијанието на мрежното општество врз новинарскиот интегритет. Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World“, 2(6), 977-991 (p.11). Shtip: The Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip.

Коровешовска, И. (2026). Алгоритмите во дигиталните медиуми како фактор во трансформацијата на новинарските практики во Македонија (онлајн анкетен прашалник). https://docs.google.com/forms/d/1bx4LqjbZtqf_CdUAIEsDK6gbDYxsan4mG8LSrapMszw/viewform?edit_requested=true#responses

Универзална декларација за човекови права.(1948, December 10). Retrieved may 2026 from www.un.org: https://www.un.org/en/about-us/ universal-declaration-of-human-rights